РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-463/4
18-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29- седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-463/1 од 28.01.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности во постапка за доделување на ученички стипендии во општина -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметот поради тоа што не се потврдени пријавените наводи.

Предметот со број 12-463/1 од 28.01.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.01.2026 година, поднесена е пријава 12-463/1 од 28.01.2026 година во која се изнесени наводи за сомневање за неправилности и повреда на начелото на еднаквост во постапка за доделување на две ученички стипендии во општина -------------.

Во пријавата е наведено дека на ден 22.01.2026 година градоначалникот на општина ---------- доделил две парични награди на учениците ----------- ------------- и --- ------------ за освоени високи места на државни натпревари, без претходно објавен конкурс и критериуми.

Со цел проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК достави барање до Општината за податоци и информации, со прилог документација по однос на пријавените наводи.

По барањето на ДКСК доставени се одговори со прилог документација и по разгледување на истите констатирано е следното:

Во предметниот случај станува збор за парични награди за освоено второ место на државни натпревари доделени на двајца ученици, во постапка водена согласно Програмата за образование за 2025 година на Општина ---------- (Службен гласник на Општината бр.1/25) и со Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапкатата за доделување на награди и признанија на Општина ---------- (Службен гласник на Општината бр.1/18 и бр.7/21). Овие награди биле предвидени како активности на Општината во делот 4.1 од Програмата за образование за 2025 година на Општина ----------, како награди за постигнати значајни резултати и освоени прво, второ и трето место на меѓународни и државни натпревари, а со цел стимулирање на учениците и ученичките за унапредување на знаењето. Оваа стимулативна мерка била јавна и достапна за сите ученици на територијата на Општината. Со Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапкатата за доделување на награди и признанија на Општина ----------, во целост е уредена постапката за доделување на овој вид награди која се доделува на ученици во основно и средно образование која започнува со поднесено барање до 31 декември во тековна година, кога е организиран натпреварот. Исто така, во Програмата и Правилникот е предвидено дека предметните награди се доделуваат во форма на парични средства во висина од 15.000,00 денари за освоено прво место; 10.000,00 денари за освоено второ место и 8.000,00 денари за освоено трето место, како и дека Градоначалникот на општината носи Решение за доделување на наградата на предлог на Комисија која ги разгледува поднесените барања. Доделувањето на наградите на двајцата ученици наведени во доставената пријава, било извршено со почитување на горенаведените акти на Општината и врз основа на приложена соодветна документација за освоено второ место.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека во предметниот случај не се работи за доделување на две ученички стипендии туку за награди доделени во постапка реализирана врз основа на акти донесени од Општина ---------- во кои се предвидени начинот, условите и критериумите за доделување на истите и за кои биле предвидени средства во Буџетот на Општината, што значи дека не се потврдуваат пријавените наводи.
Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил:м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: А.Ч.,Претседател на ДКСК

Доставено до: Подносителот на пријавата